## Народна банка на Република Северна Македонија
## Дирекција за статистика

Скопје, 31 март 2020 година

## Соопштение за печат

# Позначајни промени кај надворешниот долг, надворешните побарувања и меѓународната инвестициска позиција: четврт квартал 2019 година

На крајот на 2019 година **бруто надворешниот долг** изнесува 8.191 милион евра и забележа квартално намалување од 390 милиони евра. **Бруто надворешните побарувања** забележаа намалување од 526 милиони евра и изнесуваат 5.383 милиони евра. Поголемото квартално намалување на побарувањата во однос на намалувањето на обврските доведе до зголемување на **нето надворешниот долг** за 137 милиони евра, со што на крајот на декември 2019 година тој изнесува 2.808 милиони евра. Притоа, зголемувањето на нето надворешниот долг во четвртиот квартал произлегува од зголемувањето на приватниот нето-долг за 201 милион евра, во услови на намалување на јавниот нето-долг за 65 милиони евра.

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција[1],** на крајот на декември 2019 година, изнесува 6.393 милиони евра, или 56,4% од проценетиот БДП за 2019 година. Од овој износ, најголемиот дел, или 87%, се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 76% се врз основа на сопственички капитал.

## Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Северна Македонија

| ` | 31.12.2018 | | 30.09.2019 | | 31.12.2019 | | квартална промена | | | промена во однос на крај на претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **7,843.7** | **73.3** | **8,581.0** | **75.7** | **8,191.2** | **72.2** | **-389.9** | **-4.5** | **-3.4** | **347.4** | **4.4** | **-1.1** |
| ***Бруто надворешен долг без репо*** | ***7,843.7*** | ***73.3*** | ***8,273.6*** | ***73.0*** | ***8,191.2*** | ***72.2*** | **-82.4** | **-1.0** | **-0.7** | **347.4** | **4.4** | **-1.1** |
| Долгорочен долг | 5,823.8 | 54.4 | 5,988.4 | 52.8 | 6,100.8 | 53.8 | 112.5 | 1.9 | 1.0 | 277.0 | 4.8 | -0.6 |
| Краткорочен долг | 2,019.9 | 18.9 | 2,592.7 | 22.9 | 2,090.3 | 18.4 | -502.4 | -19.4 | -4.4 | 70.4 | 3.5 | -0.4 |
| Јавен долг | 3,756.2 | 35.1 | 4,074.2 | 35.9 | 3,836.6 | 33.8 | -237.6 | -5.8 | -2.1 | 80.4 | 2.1 | -1.3 |
| Приватен долг | 4,087.5 | 38.2 | 4,506.9 | 39.7 | 4,354.6 | 38.4 | -152.3 | -3.4 | -1.3 | 267.0 | 6.5 | 0.2 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **5,242.7** | **49.0** | **5,909.8** | **52.1** | **5,383.3** | **47.5** | **-526** | **-8.9** | **-4.6** | **140.6** | **2.7** | **-1.5** |
| ***Бруто надворешни побарувања без обратни репо*** | ***5,242.7*** | ***49.0*** | ***5,601.9*** | ***49.4*** | ***5,383.3*** | ***47.5*** | **-218.6** | **-3.9** | **-1.9** | **140.6** | **2.7** | **-1.5** |
| **Нето надворешен долг** | **2,601.0** | **24.3** | **2,671.2** | **23.6** | **2,807.8** | **24.8** | **136.6** | **5.1** | **1.2** | **206.9** | **8.0** | **0.4** |
| **МИП, нето** | **-6,039.5** | **-56.5** | **-6,242.1** | **-55.0** | **-6,393.1** | **-56.4** | **-151.0** | **2.4** | **-1.3** | **-353.6** | **5.9** | **0.1** |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2018 година е претходен, додека за 2019 година е проценет податок (извор: Државен завод за статистика, соопштение „Бруто домашен производ, четврто тримесечје од 2019 година" од 6.3.2020 година)

Извор: НБРСМ, ДЗС.

---

[1] Меѓународната инвестициска позиција (МИП) претставува статистички извештај којшто ги прикажува состојбите на надворешните финансиски средства и финансиски обврски на Република Северна Македонија на определен датум, т.е. побарувањата од и обврските кон нерезиденти врз основа на финансиски инструменти. Притоа, негативната нето меѓународна инвестициска позиција значи дека финансиските обврски ги надминуваат финансиските побарувања од нерезидентите.

## *Бруто надворешен долг*

Бруто надворешниот долг, на крајот на 2019 година, изнесува 8.191 милион евра (или 72,2% од БДП) и бележи квартално намалување од 390 милиони евра (или за 4,5%). Доколку од долгот се исклучи ефектот од специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка[2], кварталното намалување на бруто-долгот изнесува 82 милиона евра. Оваа квартална промена произлегува од приватниот надворешен долг којшто бележи квартално намалување од 152 милиона евра главно заради намалениот долг на небанкарскиот приватен сектор и заемите меѓу поврзани субјекти. Од друга страна, во овој квартал јавниот долг (без специфичните активности за управување со девизните резерви на централната банка) е зголемен за 70 милиони евра, главно како резултат на зголемениот долг на секторот „држава" (за 43 милиони евра) и растот на долгот на јавните банки и јавните претпријатија (за 27 милиони евра).







Извор: НБРСМ.

Во споредба со крајот на 2018 година, бруто надворешниот долг е повисок за 347 милиони евра (или за 4,4%), како резултат на зголемените обврски на приватниот и на јавниот долг (за 267 и 80 милиони евра, соодветно). Растот на приватниот долг се објаснува со зголемените обврски на приватните банки (за 97 милиони евра), капитално поврзаните субјекти (за 91 милион евра) и небанкарскиот приватен сектор (за 79 милиони евра). Истовремено, растот на јавниот долг произлегува од зголемените обврски на јавните банки и јавните претпријатија (за 95 милиони евра), наспроти намалените обврски на секторот „држава" (за 16 милиони евра).

## *Бруто надворешни побарувања*

Бруто надворешните побарувања на крајот на 2019 година изнесуваат 5.383 милиони евра (или 47,5% од БДП) и остварија квартално намалување од 526 милиони евра (или за 8,9%). Доколку се исклучи ефектот од специфичните активности на централната банка

---

[2] Се однесува на репо-активностите на НБРСМ. При склучувањето на репо-трансакциите се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми") коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРСМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи истовремено се склучуваат, на нето-основа, овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

поврзани со управувањето со девизните резерви, бруто надворешните побарувања се намалени за 219 милиони евра, што во услови на раст на јавните побарувања (за 135 милиони евра) во целост се објаснува со намалените приватни побарувања (за 353 милиони евра).

Во споредба со крајот на 2018, надворешните побарувања се повисоки за 141 милион евра како резултат на зголемените јавни побарувања (за 341 милион евра), раст делумно неутрализиран преку намалувањето остварено кај приватните побарувања (за 201 милион евра). Растот на јавните побарувања е одраз на порастот на официјалните девизни резерви кај централната банка, додека намалувањето на приватните побарувања се објаснува со намалените побарувања на небанкарскиот приватен сектор (за 150 милиони евра) и приватните банки (за 104 милиони евра), наспроти зголемените побарувања на капитално поврзаните субјекти (за 53 милиони евра).







Извор: НБРСМ.

## ***Нето надворешен долг***

На крајот на 2019 година нето надворешниот долг изнесува 2.808 милиони евра (или 24,8% од БДП). Нето надворешниот долг на земјата во четвртиот квартал од 2019 година е зголемен за 137 милиони евра, или за 5,1%. Притоа, нето приватниот долг бележи зголемување (за 201 милион евра), додека нето јавниот долг намалување (за 65 милиони евра).

Во однос на крајот на 2018 година, нето надворешниот долг е зголемен за 207 милиони евра (или за 8%), при зголемување на нето приватниот долг (за 468 милиони евра) и намалување на нето јавниот долг (за 261 милион евра). Притоа, и натаму долгот на приватниот сектор има поголемо учество во вкупниот нето-долг (од 68,8%).







Извор: НБРСМ.

## *Меѓународна инвестициска позиција, нето*

Негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) во текот на четвртиот квартал од 2019 година е зголемена за 151 милион евра и изнесува 6.393 милиони евра, што претставува 56,4% од проценетиот БДП за 2019 година.

Кварталното зголемување на негативната нето МИП произлегува од поголемото намалување на средствата (за 495 милиони евра), во споредба со намалувањето на обврските (за 343 милиони евра). Гледано по инструменти, нето-обврските врз основа на должнички инструменти бележат зголемување за 137 милиони евра, додека нето-обврските врз основа на сопственички инструменти се зголемени за 14 милиони евра.

Во споредба со крајот на 2018 година, негативната МИП, нето, е зголемена за 354 милиони евра, како резултат на растот на нето-обврските врз основа на должнички инструменти (за 207 милиони евра) и сопственички инструменти (за 147 милиони евра).

## Меѓународна инвестициска позиција на Република Северна Македонија

(во милиони евра)

| МИП, по инструменти | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | Кв.1 2018 | Кв.2 2018 | Кв.3 2018 | Кв.4 2018 | Кв.1 2019 | Кв.2 2019 | Кв.3 2019 | Кв.4 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Меѓународна инвестициска позиција, нето** | **-3,629.5** | **-3,965.8** | **-4,177.6** | **-4,558.4** | **-4,549.0** | **-5,082.7** | **-5,576.0** | **-5,822.5** | **-6,118.0** | **-6,143.3** | **-6,193.7** | **-6,039.5** | **-6,218.0** | **-6,251.5** | **-6,242.1** | **-6,393.1** |
| **Средства** | **3,258.4** | **4,113.2** | **4,257.5** | **4,082.5** | **4,634.0** | **4,571.9** | **5,171.3** | **5,157.3** | **5,835.1** | **6,105.6** | **6,156.4** | **5,913.6** | **6,310.1** | **6,422.8** | **6,710.2** | **6,215.7** |
| Директни инвестиции | 333.6 | 393.6 | 533.6 | 617.8 | 475.6 | 655.0 | 811.9 | 967.6 | 1,021.2 | 1,083.9 | 1,125.3 | 896.2 | 1,051.9 | 1,156.9 | 1,205.8 | 989.8 |
| Портфолио инвестиции | 25.9 | 45.5 | 63.1 | 107.7 | 155.0 | 212.6 | 255.2 | 300.2 | 310.4 | 337.2 | 345.1 | 321.2 | 341.1 | 366.2 | 381.5 | 406.1 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.9 | 0.9 | 1.0 | 1.2 | 2.8 | 2.8 | 2.8 | 2.9 | 2.9 | 2.9 | 2.8 | 2.9 | 2.9 |
| Валути и депозити | 555.1 | 588.2 | 537.0 | 540.0 | 623.6 | 615.4 | 627.3 | 635.5 | 668.8 | 675.9 | 683.7 | 694.0 | 674.6 | 591.0 | 618.3 | 580.0 |
| Заеми | 86.3 | 320.1 | 246.4 | 91.3 | 98.2 | 67.1 | 52.1 | 56.1 | 348.5 | 349.8 | 312.7 | 74.5 | 374.9 | 337.8 | 395.3 | 81.0 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси | 543.0 | 696.9 | 684.1 | 730.3 | 842.7 | 757.4 | 809.6 | 858.8 | 906.1 | 1,013.7 | 977.4 | 1,057.2 | 997.6 | 1,039.6 | 978.5 | 893.1 |
| Останати сметки за наплата | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 1.7 | 0.5 | 0.1 | 0.1 | 0.2 | 0.4 | 0.5 | 0.5 | 0.2 | 0.6 | 0.3 |
| Девизни резерви | 1,714.5 | 2,068.9 | 2,193.3 | 1,993.0 | 2,436.5 | 2,261.8 | 2,613.4 | 2,336.3 | 2,577.1 | 2,642.2 | 2,709.1 | 2,867.1 | 2,866.4 | 2,928.2 | 3,127.5 | 3,262.6 |
| | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| **Обврски** | **6,887.9** | **8,079.0** | **8,435.1** | **8,640.8** | **9,183.0** | **9,654.6** | **10,747.3** | **10,979.8** | **11,953.1** | **12,248.9** | **12,350.1** | **11,953.0** | **12,528.1** | **12,674.3** | **12,952.3** | **12,608.8** |
| Директни инвестиции | 3,514.8 | 3,914.4 | 4,146.8 | 4,485.7 | 4,378.3 | 4,951.3 | 5,392.2 | 5,598.1 | 5,915.3 | 6,133.3 | 6,250.9 | 6,141.3 | 6,348.2 | 6,463.5 | 6,589.0 | 6,554.5 |
| Портфолио инвестиции | 398.6 | 324.7 | 408.3 | 253.2 | 776.6 | 848.8 | 1,362.2 | 1,476.3 | 1,891.8 | 1,876.2 | 1,838.7 | 1,813.2 | 1,821.6 | 1,826.4 | 1,777.8 | 1,721.3 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 4.1 | 4.4 | 4.3 | 6.0 | 2.3 | 2.7 | 3.2 | 3.7 | 4.2 | 4.2 | 4.2 | 4.2 | 4.2 |
| Валути и депозити | 195.8 | 134.0 | 198.7 | 168.4 | 157.7 | 148.5 | 174.2 | 195.2 | 191.8 | 192.7 | 191.8 | 206.2 | 208.7 | 221.5 | 207.9 | 254.2 |
| Заеми | 2,028.5 | 2,785.9 | 2,771.8 | 2,883.1 | 3,024.4 | 2,961.7 | 3,014.7 | 2,872.0 | 3,070.9 | 3,159.2 | 3,159.8 | 2,883.4 | 3,216.6 | 3,197.3 | 3,336.6 | 3,127.6 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси | 673.8 | 841.7 | 832.8 | 773.2 | 763.4 | 656.7 | 714.6 | 757.7 | 803.0 | 805.0 | 825.9 | 824.8 | 847.6 | 881.2 | 901.9 | 865.6 |
| Останати сметки за плаќање | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 52.9 | 0.0 |
| Специјални права на влечење (нето-создавање обврски | 76.4 | 78.3 | 76.7 | 73.2 | 78.2 | 83.2 | 83.2 | 78.2 | 77.5 | 79.2 | 79.2 | 79.8 | 81.2 | 80.2 | 81.9 | 81.3 |

Извор: НБРСМ.







Извор: НБРСМ.

## *Ревизии на податоци*

Податоците за бруто надворешниот долг и побарувања во ова соопштение содржат редовни ревизии на податоците за периодот јануари-септември 2019 година. Промените кај бруто надворешниот долг и побарувањата речиси во целост произлегуваат од подобриот опфат на податоците кај заемите и трговските кредити и аванси. Од аспект на насоката на промените, во трите квартали на 2019 година, ревизијата на податоците доведе до намалување на бруто надворешниот долг во првиот квартал (за 3 милиони евра) и зголемување на долгот во вториот и третиот квартал (за 3 и 6 милиони евра, соодветно), како и зголемувања на бруто надворешните побарувања во сите три квартали (за по 1 милион во првиот и вториот квартал и 3 милиони евра во третиот квартал). Овие промени соодветно се одразија и кај нето надворешниот долг, но и кај меѓународната инвестициска позиција, нето, во првиот квартал како минимално намалување на нето надворешниот долг и малку пониска негативна нето меѓународна инвестициска позиција (за по 3 милиони евра), а во вториот и третиот квартал како минимално зголемување на нето надворешниот долг и негативната меѓународната инвестициска позиција (за околу 2 и 3 милиони евра, соодветно).

## *Придружни информации*

Временски серии податоци – годишни и квартални податоци за бруто надворешниот долг и бруто надворешните побарувања:
http://nbrm.mk/nadvoresen_dolg.nspx

Временски серии податоци – годишни и квартални податоци за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/megunarodna_investiciska_pozicija.nspx

Методолошки појаснувања за бруто надворешниот долг и побарувања:
http://nbrm.mk/content/statistika/ND/metodologija/Metodologija_nadvoresen_dolg_5_2_2018.pdf

Методолошки појаснувања за меѓународната инвестициска позиција:
http://nbrm.mk/content/statistika/mip/metodologija/Metodologija_MIP_BPM6_9_10_2018.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување на податоците:
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf
Квартален бруто надворешен долг, бруто надворешни побарувања и меѓународна инвестициска позиција: 30 јуни 2020 година (референтен пресек заклучно со март 2020 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).